С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

излегува по потреба

Број 17 година XLVII
15 Декември 2011

220.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-Буџетот на Општина Велес за 2012 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-Буџетот на Општина Велес за 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.12.2011 година.

Број 08-6807/1
15.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-буџет на Општина Велес за 2012 година

1. Советот на Општина Велес го утврди Нацрт-буџетот на Општина Велес за 2012 година.

2. Сите забелешки, кон Нацрт-буџетот кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа, ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-буџет и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6747/1
12.12.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

221.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2011 година

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2011 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.12.2011 година.

Број 08-6807/2
15.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална та самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 45 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр12/06 година), Советот на Општина Велес на седницата одржана на _12.2011 година , донесе

О Д Л У К А
За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2011година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Велес за 2011 година И тоа на следниот начин :

Потпрограма Потставка		Буџет	Самофин.	Донации	Дотации	Кредити
А00	**СОВЕТ НА ОПШТИНА**					
426210	Расходи за репрезентација	150.000	0	0	0	0
Е00	**ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**					
401120	Основни плати - државни службеници	-250.000	0	0	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	-750.000	0	0	0	0
426210	Расходи за репрезентација	400.000	0	0	0	0
423110	Канцелариски материјали	100.000	0	0	0	0
423210	Материјали за АОП	50.000	0	0	0	0
423410	Прехранбени продукти и пијалаци	50.000	0	0	0	0
423710	Средства за одржување на хигиена	50.000	0	0	0	0
423990	Други материјали	200.000	0	0	0	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес и станува составен дел на Буџетот на општината за 2011 година.

Претседател на Советот на Општина

М-р **СЛАВЧО ЧАДИЕВ**

222.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.12.2011 година.

Број 08-6807/3
15.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6747/3
12.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година

Член 1

Со оваа Програма се вршат следните дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012година:

-Во глава VI ТАНСФЕР НА СРЕДСТВА

-ред. бр. 1 „ Блок дотација култура“ се додава нова позиција „1а Пренесен вишок од претходна година култура“, во колоната „Предвидени средства Министерство за култура“ се впишува износ „10.896.000 “и во колоната „вкупно“ се впишува износ „10.896.000 “.

-Во позиција „вкупно“ во колона средства од Министерството за култура“ износот „0“ се заменува со износот „10.896.000 “Во колона „вкупно“ износот „0“ се заменува со износот „10.896.000 “.

- Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во колоната „Предвидени средства Министерство за култура“ износот „2.058.000“ се заменува со „12.946.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „15.030.000 “ се заменува со „25.926.000“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на Општина Велес“

Број 07-6747/3
12.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

223.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2012 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.12.2011 година.

Број 08-6807/4
15.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2012 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6747/4
12.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2012 година

Член 1

Со оваа Програма се вршат следните дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2012 година:

-Во табеларниот дел „ V ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “-

- Во позиција под ред. бр. 1 „ Блок дотација основно образование“во колоната „Предвидени средства Министерство за образование и наука“ се впишува износ „188.943.000“ и во колоната „вкупно“ се впишува износ „188.943.000“

- Во позиција под ред. бр. 2 „ Блок дотација средно образование“ во колоната „Предвидени средства Министерство за образование“ се впишува износ „123.662.000 “и во колоната „вкупно“ се впишува износ „123.662.000 “.

- Во позицијата „вкупно“ глава V ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ се вршат следните дополнувања: Во колоната „Предвидени средства Министерство за образование и наука“ износот „0“ се заменува со „312.605.000“ и во колоната „Вкупно“ износот „0 “ се заменува со „312.605.000 “.

- Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во колоната „Предвидени средства Министерство за образование и наука“ износот „0 “ се заменува со „312.605.000 “,а во колоната „Вкупно“ износот „10.930.000“ се заменува со „323.535.000“.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Велес“

Број 07-6747/4
12.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

224.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2012 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.12.2011 година.

Број 08-6807/5
15.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2012 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6747/5
12.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2012 година

Член 1

Со оваа Програма се вршат следните дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2012 година:

-Во табеларниот дел „ X ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “

- Во позиција под ред. бр. 1 „ Блок дотација детска градинка“ во колоната „Предвидени средства МТСП“ се впишува износ „38.950.000“ и во колоната „вкупно“ се впишува износ „38.950.000 “

- Во позицијата „вкупно“ глава X ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ во колоната „Предвидени средства МТСП“ износот „0“ се заменува со „38.950.000 “ , во колоната „Вкупно“ износот „0 “ се заменува со „38.950.000 “.

- Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во колоната „Предвидени средства МТСП“ износот „0 “ се заменува со „38.950.000 “, , а во колоната „Вкупно“ износот „4.550.000“ се заменува со „43.500.000“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Велес“

Број 07-6747/5
12.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

225.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2012 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.12.2011 година.

Број 08-6807/6
15.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2012 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6747/6
12.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр. 5/02), член 5 од Законот за пожарникарство (“Службен весник на РМ”бр.67/04), член 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на РМ“ бр. 29/05), член 4 став 2 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ”бр.67/04) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/9 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2012 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2012 година (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 15 /11) се врши дополнување:

Во глава IV Распоредување на финансиските средства: во табелата „Приходи“ во точка 1, наменска дотација, се дополнува бројот „10.314.000 “, во точка 3 , Буџет на Општина Велес се дополнува бројот “2.580.000“
Во точка 6: Вкупно се дополнува бројот „14. 424.000 “

Во глава А.) Расходи за противпожарна заштита: во точка 1 Плати, наемнини и надоместоци за вработените , се дополнува износ: „10.814.000 “

Во точка 15, износот Вкупно, бројот „3.070.000“ се брише и се заменува со бројот „13.884.000 “

Во Вкупно расходи А,Б + В: износот „3.610.000 се брише и се заменува со „14.424.000“

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-6747/6
12.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

226.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2011/2012 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2011/2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.12.2011 година.

Број 08-6807/7
15.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјата на Општина Велес за сезоната 2011/2012 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјата на Општина Велес за сезоната 2011/2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6747/7
12.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Согласно член 34 од Законот за јавните патишта (“Службен весник на РМ” бр.84/08, 52/09 и 114/09), а врз основа на член 12 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата (“Службен весник на РМ” бр.54/07, 84/07, 86/08, 98/08, 106/08 и 64/09), член 2, од Законот за јавна Чистота (“Службен весник на РМ” бр.111/08 и 64/09, член 9 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр.36/04, 49/04 и 86/08 и 114/09) и член 5 од Законот за управување со Кризи (“Службен весник на РМ” бр.29/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.12. 2011 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2011/2012 година

Со оваа Програма се уредуваат работите за зимското одржување на локалните патишта и улиците, делниците од магистралните и регионалните патишта кои минуваат низ населените места, а се изградени како улици, како и работите за одржување на комуналните објекти, тротоарите (и велосипедските патеки) на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2011/2012 година.

Јавни патишта на подрачјето на Општина Велес се локалните патишта и улиците. Во улици спаѓаат и делниците од магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици.

I. Работи на зимско одржување на локалните патишта и улиците се:

- чистење снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки;

- посипување на коловозот со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот.

- предвидување превентивно-заштитни мерки во високата зона на градот во смисла на поставување на ракохвати по тесните стрмни улички и сл.

Работите на зимското одржување на локалните патишта и улици се изведуваат на начин кој има за цел да обезбеди постојана проодност во зависност од утврдениот приоритет произлезен од категоријата и значајот на локалниот пат или улица.

По исклучок кога работите на локалниот пат и улица неможат да се изведат под сообраќај, Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Велес привремено, делумно или во целост ќе го запре сообраќајот и ќе утврди

по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот, по претходно известување во рок од 48 часа на корисниците на јавниот пат и улица преку средствата за јавно информирање.

Ако поради снег, голомразица или други причини сообраќајот на локалниот пат или улица е отежнат или безбедноста на сообраќајот е значително загрозена, надлежниот општински орган ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките, а ако не е во состојба да ги отстрани пречките ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила, по претходно прибавена согласност од Министерството за транспорт и врски, односно надлежниот орган во Општината.

Во случаите кога прекинот на сообраќајот трае подолго од два часа надлежниот орган на Општината ќе ја извести јавноста преку средствата за информирање.

Надлежниот орган на Општината со сообраќајни знаци и на друг погоден начин ќе ги означи условите и ќе утврди режим на сообраќај на локалниот пат или улица, во сите случаи кога постојат околности кои можат да го загрозат безбедното одвивање на сообраќајот.

Во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат поради елементарни непогоди (снежни лавини,одрони од поголем обем или од други причини) надлежниот орган на општината ќе постапи врз основа на посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, што го донесува Советот на Општината.

II. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат надлежните општински органи со следните обврски:

1. Совет на Општина Велес

-донесува Програма за зимско одржување;

-донесува Посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

2.Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина :

-го организира чистењето на снег и мраз од коловозот на локалните патишта и улиците, делниците од магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици; комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки, како и посипувањето на коловозот со сол или абразивни средства;

-привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот кога работите неможат да се изведат под сообраќај;

-во рок од 48 часа пред запирањето на сообраќајот ги известува корисниците на локалниот пат и улица преку средствата за јавно информирање;

- презема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или значителна загрозеност на безбедноста на сообраќајот или за запирање на сообраќајот на одредени делници или во целина по претходно прибавување на согласност од надлежниот државен или општински орган;

-ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање за прекин подолг од два часа;

- постапува согласно Посебниот план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, во случај на прекин на сообраакајот поради елементарни непогоди, во случај на прекин на сообраќајот поради елементарни непогоди.

3. Комунален инспектор:

-надзор и контрола на чистењето на јавно-прометните површини и во зимскиот период.

4. Инспектор за сообраќај и патишта:

-надзор и контрола над целокупната состојба на локалните патишта и улици.

5.Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата:

-масовна едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај.

6.Општински штаб за заштита и спасување:

-активно учество во изготвувањето на Програмата, следење на нејзиното спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период заради благовремено преземање на превентивни мерки за заштита и спасување, како и конкретни активности за соодветна дообука и подготвеност на екипите-лицата од населените места кои што ќе вршат чистење и посолување.

III. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат и други органи и институции, и претпријатија со следните задачи:

1. Државен инспектор за патишта:

-надзор и контрола над мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

2. Регионален центар за управување со кризи:

-се вклучува во извршувањето на Програмата во делот на информативниот систем за зимското одржување, и тоа само со помош на својата развиена радиостанична мрежа на подрачјето на Општината.

3. Сообраќајна полиција:

-покрај извршувањето на работите од својата надлежност, таа е еден од првичните извори на информации од теренот за состојбата на патиштата.

4. Јавно претпријатие за одржување на патишта

"Македонија пат" Скопје

- Подружница Велес:

-ја извршува Програмата во целост во делот на улиците кои се определени како дел од регионален пат, а за локалните патишта и улици во висина на доверените работи согласно склучениот договор со ЕЛС Општина Велес - Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина и во согласност со постапките на зимското одржување на магистралните и регионалните патишта.

Јавното претпријатие за одржување на патишта "Македонија пат" согласно Програмата за зимско одржување на магистрални и регионални патишта има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и тоа само во делот на коловозната конструкција и сообраќајната сигнализација што е во функција на јавниот (регионален) пат.

У л и ч н а мрежа

1. "Димитар Влахов".	1,45 км.
2. "Иво Лола Рибар"	0,05 км.
3. "Петре Прличков"	0,20 км.
4. "Нишка"	0,15 км.
5. Стар Мост	0,06 км.
6. "Димко Најдов"	1,00 км.
7. "Илинденска"	0,15 км.
8. "Маршал Тито" - дел . . .	0,59 км.
9. "Благој Ѓорев"	2,20 км.
10."Гоце Делчев"	0,20 км
11."Страшо Пинџур" . . .	0,20 км
12. "Алексо Демниевски" до спојот со "Моша Пијаде"	0,60 км
13. "Моша Пијаде" до спојот со "Андон Шурков"	0,40 км
14. "Андон Шурков"	0,80 км
В к п н о: . .	**8,05 км.**

Изведувачот кој што претходно ќе биде избран во постапка на спроведен тендер, согласно склучениот договор за зимско одржување на локални патишта и улици ќе има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и локални патишта:

У л и ч н а мрежа

1. "Вардарска"	0,85 км.
2. "Н.Н.Борче"	0,20 км.
3. "Алексо Демниевски" од спојот со "Моша Пијаде" до Железничка станица. . . .	0,50 км.
4. "Ленинова"	0,70 км.
5. "11-ти Октомври".	0,20 км.
6. "Кумановска"	0,60 км.
7. "Народен Фронт"	0,20 км.
8. "Орце Мартинов"до спојот со "Самоборска"	0,20 км.
9. "Самоборска"	0,25 км.
10. "Тодор Јанев" до спојот со "Костурска"	0,40 км.
11. "Костурска"	0,87 км.
12. "Васил Ѓоргов" (цела до Којник) .	0,70 км.
13. "М.Тито"(Плоштад-С.Мост) . .	0,21 км.
14. "Лазо Осмаков"	0,25 км.
15. "Луј Пастер"	1,00 км.
16. "Марксова"	0,40 км.
17. "Никола Карев"	0,30 км.
В к у п н о:	**7,83 км.**

Локални патишта

1. "Р-103"- с.Башино Село . . .	0,70 км.
2. "Р-103"-с.Отовица-с.Сујаклари - с.Кумарино - Јазла . . .	8,10 км.
3. ул."Вардарска" - "Р-103"(заобиколен пат Велес - Башино Село) . .	2,80 км.
4. "Р-526" - с.Горно Оризари - с.Клуковец .	1,40 км.
5. "М-5"-пат кон с.Д.Караслари . .	0,60 км.
6. "Р-526" - с.Мамутчево - с.Иванковци.	10,00 км
7. "Р-103"- с.Црквино	3,47 км.
8. Велес - Нови Гробишта . . .	2,00 км.
9. Оризари(пристапен пат до новата уч. Зграда . . .	0,30 км.
В к у п н о: . .	**29,37 км.**

5. Заради потребата од ефикасно чистење на снегот, а имајќи ја во предвид ангажираноста на "Македонија пат" во чистење на патиштата од повисока категорија можна е потреба од дополнително ангажирање на други градежни машини, за што потребата ја утврдува надлежниот орган на општината.

Другите градежни машини ќе бидат ангажирани од соодветни претпријатија за чистење и оспособување на асфалтните коловозни површини по претходно склучен договор врз основа на Законот за јавни набавки за следните локални патишта:

1. Нови Гробишта - с.Раштани - с.Бузалково"	.7,00 км.
2. "Р-103"-Нас.Дурутовец - с.Чолошево .	3,20 км.
В к у п н о: . .	**10,20 км.**

6. ЈКП"Дервен" се ангажира во зимското одржување на улиците согласно со Програмата за чистење на јавно-прометни површини и оваа Програма за следниве улици:

1. "Ј.Х.К.Џинот"(до спојот со "Прохор Пчињски")	0,40 км.
2. "Прохор Пчињски"	0,50 км.
3. "Владимир Назор"	0,90 км.
4. "Кирил и Методиј"	0,50 км.
5. "Илинденска" само тротоарите на мост "Гемиџии"	
6. "Маршал Тито"	0,80 км.
6.1.тротоарот на левата страна: -од"Сармаале"до С.Куќа -Стопанска банка до С.Мост и Стар Мост	
7. "Благој Ѓорев"	2,20 км.
7.1.тротоарот на левата страна: -од Пошта до спој со ул."Ш Сали" -од ул."Љубљанска" до влезот на Касарната	
7.2.тротоарот на десната страна: -од Домот на АРМ до влезот на Касарната	
8. "Алексо Демниевски" . . .	1,10 км.
8.1.тротоарот од двете страни: -од почетокот до зградата на Општина Велес	
9."Мало Мовче"	0.07 км
10."Пешачки надвозник на битолска пруга"	0.04 км

IV. Во зимското одржување на локалните патишта, улици и други комунални објекти ќе се вклучат и:

1. ЕВН Македонија КЕЦ Велес:

-ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации, приодите и непосредната околина околу трафостаниците и другите уреди.

2. АД "Македонски телекомуникации"

Регионален центар за телекомуникации - Велес:

-ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ПТТ инсталации и уреди на телефонските говорници.

3. Превозниците во јавниот превоз (грдски и приградски):

-преземаат потребни мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуските стојалишта и нивно оспособување за користење.

4. Граѓаните:

-го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите станбени згради и индивидуални куќи, а исто така и од покривите и терасите водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

5.Сопствениците и корисниците на деловни објекти и дуќани:

-го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите деловни објекти и дуќани, при тоа водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

6. Други учесници:

-единиците на Дирекцијата за заштита и спасување, месните заедници, ученици и студенти и други екипи, како и сите други, во услови на прогласена елементарна непогода заедно дејствуваат според посебниот План за отстранување на последиците од елементарни непогоди донесен од страна на Советот на Општината.

7. Урбани и месни заедници во Општината:

-се должни да преземат одговорност во смисла: да ги известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот за остранувањето на снежните наноси , при тоа да ги активираат граѓаните од таа МЗ за да можат во договор со Општина Велес - Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина да преземаат конкретни работни задолженија и обврски во зимското одржување на патната мрежа, заради што поодделни месни заедници може да подигнат, складираат, чуваат и наменски да користат одредено количество на индустриска сол, со можност од задолжително учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посолувањето .

8.Сите учесници во извршувањето на доверените работи од зимското одржување на јавната патна мрежа, се должни до надлежниот општински орган да достават оперативна програма за својата подготвеност и опременост со механизација и извршители.

Број 07-6747/7
12.12.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

227.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Јавното комунално претпријатие „Дервен" Велес за периодот I-IX месец 2011 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Јавното комунално претпријатие „Дервен" Велес за периодот I-IX месец 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.12.2011 година.

Број 08-6807/8
15.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работа на Јавното комунално претпријатие „Дервен"за периодот од I - IX месец 2011 година

1. Советот на Општина Велес го усвои

Извештајот за работа на ЈКП „Дервен“ за периодот од I - IX месец 2011 година на Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6747/8
12.12.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

228.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 128, точка 6 од Законот за основното образование (“Службен весник на РМ” бр. 103/08, 33/10,156/10 и 18/11),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 01.12.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на директор на Основното општинско училиште „Благој Кирков“ Велес

1. Живко Пренџов, директор на Основното општинско училиште „ Благој Кирков“ Велес се разрешува од функцијата директор на училиштето, заклучно со 17.12.2011 година.

2. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

3. Лицето кое се разрешува, се распоредува на работно место во училиштето соодветно на неговата стручна подготовка.

4. Ова решение стапува во сила од 18.12.2011 година, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 08-6507/1
01.12.2011 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Горан Петров

229.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 132, точка 14 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08, 33/10 и 42/11),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 1.12.2011 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Општинското основно училиште „Благој Кирков “- Велес

1. За директор на Општинското основно училиште „Благој Кирков “ - Велес се избира:

- Македонка Виларова - професор

2. Директорот раководењето со Општинското основно училиште „Благој Кирков“- Велес ќе го извршува од 18.12.2011 година, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува избраниот директор со разрешениот директор на училиштето во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните прописи.

4. Се задолжува Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Благој Кирков“- Велес да ги извести кандидатите за извршениот избор .

5. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 18.12.2011 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08-6507/2
1.12.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров

230.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 128 точка 6 од) и член 135 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ бр. 103/08, 33/10 и 42/11) ,

Градоначалникот на Општина Велес на ден 22.11.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандат на вршител на должност директор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес

1.На Катерина Стојкова , вршител на должност директор на Општинското основно училиште „Васил Главинов “ Велес и престанува мандатот вршител на должност директор на училиштето, заклучно со 24.11.2011 година.

2. Се задолжува разрешениот вршител на должност директор во рок од три дена со именуваниот вршител на должност директор на училиштето да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

3. Лицето кое се разрешува, се распоредува на работно место во училиштето соодветно на неговата стручна подготовка.

4. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08-6384/1
22.11.2011 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес,
Горан Петров

231.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 135, став 1 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08, 33/10,156/10 и 18/11),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 22.11.2011 година донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на вршител на должноста директор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“- Велес

1. За вршител на должноста директор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“- Велес се именува:

-Лилјана Николоска Коцева - професор по одделенска настава

2. Вршителот на должноста директор ќе ги има сите права и обврски како директор на Општинско основно училиште.

3. Се задолжува вршителот на должноста на директор во рок од три дена со разрешениот вршител на должност директор на училиштето да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

4. Функцијата вршител на должноста на директор ќе ја извршува се до изборот на директор на Општинското основно училиште, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 25 ноември 2011 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Бр. 08-6384/2
22.11.2011 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров

Бр на акт **Страница**

220	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-Буџетот на Општина Велес за 2012 година** **З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-буџет на Општина Велес за 2012 година**	563
221	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2011 година** **О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2011 година**	563
222	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година** **З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година** **ПРОГРАМА за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година**	565
223	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2012 година** **З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2012 година** **ПРОГРАМА за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2012 година**	566
224	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2012 година** **З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2012 година** **ПРОГРАМА за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2012 година**	567
225	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2012 година**	568

Бр на акт **Страница**

225	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2012 година** **З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2012 година** **П Р О Г Р А М А за дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2012 година**	568
226	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2011/2012 година** **З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјата на Општина Велес за сезоната 2011/2012 година** **П Р О Г Р А М А за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2011/2012 година**	569
227	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ Велес за периодот I-IX месец 2011 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работа на Јавното комунално претпријатие „Дервен“за периодот од I - IX месец 2011 година**	573
228	**Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на директор на Основното општинско училиште „Благој Кирков“ Велес**	574
229	**Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Општинското основно училиште „Благој Кирков “- Велес**	574
230	**Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандат на вршител на должност директор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес**	575
231	**Р Е Ш Е Н И Е за именување на вршител на должноста директор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“- Велес**	575

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00